АДВОКАТСКА КАНЦЕЛАРИЈА
**ГОЦЕ ЦОНЕВСКИ**
ул. ВАСИЛ ГЛАВИНОВ бр.7 Б/1-1; 1000 СКОПЈЕ, МАКЕДОНИЈА
тел./факс (... 38902) 3290811 ; E-mail: conevskig@t.mk

*Адвокат Гоце Цоневски; Адвокат Александра Тасева; Адвокат Марија Тодоровска; Адвокат Марија Витанова Николеска, Адвокат Рахела Цоневска;*

ПРИМЕНО
Со ______ прилози
09 04 2021 година
АПЕЛАЦИОНЕН СУД во Штип
8,45 ч

Врска: П4-78/15
**ГЖ бр.179/19**
Рев2 бр.463/2019

**ДО: АПЕЛАЦИОНИОТ СУД ВО ШТИП**

ТУЖИТЕЛ: **Владислав Михаилович Втулкин** од Москва, граѓанин на Руската Федерација, место на раѓање Украина на 24.03.1976 година, со живеалиште на ул.Рхеиналее 140 Дизелдорф Германија, со број на пасош 51 5268030, застапуван од Адвокатска канцеларија Јаниќевиќ од Скопје, бул.Кочо Рацин бр.38-1/5

ТУЖЕНИ : 1.Винарска визба **ИМАКО ВИНО ДООЕЛ Штип**, ул.Ген. Михајло Апостолски бр.7-3 штип, со ЕМБС 5096847 и ЕДБ 4029996110063, застапувано од Управителот Верица Љуботенска, со е-маил: r.ljubotenski@imakovino.com.mk, преку Полном.Адв.Гоце Цоневски од Скопје, ул.Васил Главинов бр.7Б-1/1, со тел.02/3290-811, со е-маил: conevskig@t.mk,

2.Трговско друштво за трговија, производство и услуги **ИМАКО ДОО** увоз-извоз Штип, ул.Михајло Апостолски бр.34-5 Штип, со ЕМБС 4805178 и ЕДБ 4029994108584, застапувано од Управителот Ристе Љуботенски, со со е-маил: r.ljubotenski@imakovino.com.mk,

ОСНОВ: Надомест на штета

ВРЕДНОСТ: 1.915.458 евра

# ПОДНЕСОК ОД ПРВОТУЖЕНИОТ
## ЗА ДОСТАВА НА РЕШЕНИЕ ЗА БРИШЕЊЕ НА ВТОРОТУЖЕНИОТ ОД РЕГИСТАР

Со Пресудата П4-78/15 од 18.01.2016 година Основниот суд во Штип го усвои тужбеното барање на тужителот Владислав Михаилович Втулкин, ги задолжи тужените Винарска визба Имако Вино ДООЕЛ Штип и Трговско друштво за трговија, производство и услуги ИМАКО ДОО увоз-извоз Штип, на тужителот да му надоместат штета во износ од 1.915.458 евра со домицилна камата прецизирана во пресудата, како и да му ги надоместат трошоците на постапката во износ од 268.080,00 денари и тоа во рок од 8 дена по правосилноста на пресудата.

Незадоволни од наведената пресуда, тужените преку својот полномошник поднесоа жалба против истата, по сите жалбени основи, а со Пресуда ГЖ-179/19 од 09.07.2019 година, Апелациониот суд во Штип ја уважи жалбата на тужените, ја преиначи Пресудата на Основниот суд Штип П4.78/15 од 18.01.2016 година и го одби како неосновано тужбеното барање на тужителот Владислав Михаилович Втулкин од Москва-Руска Федерација, со кое бара да се задолжат тужените

Винарска Визба ИМАКО ВИНО ДООЕЛ Штип и Трговско друштво за трговија, производство и услуги Имако ДОО увоз-извоз Штип на тужителот да му ја надоместат штетата во износ од 1.915.458 евра со камата, како и да му ги надоместат трошоците во постапката во износ од 268.080,00 денари.

Незадоволен од второстепената пресуда ГЖ-179/19 од 09.07.2019 година, тужителот изјави Ревизија до Врховниот суд на Република Македонија, а тужениот Винарска Визба ИМАКО ВИНО ДООЕЛ Штип поднесе Одговор на ревизија со кој во целост ги оспорува наводите содржани во Ревизијата.

Со Решение Рев2.бр. 463/2019 од 27.01.2021 год. Врховниот суд на Република Македонија ја усвои ревизијата, ја укина пресудата на Апелациониот суд во Штип ГЖ-179/19 од 09.07.2019 година и предметот го врати на второстепениот суд на повторно одлучување.

Со оглед на насоките на Врховниот суд на Република Македонија, кои се однесуваат на основот на тужбеното барање и дали постои активна легитимација на страната на тужителот, пасивната легитимација на страната на тужените, основаноста на тужбеното барање и сл. со овој поднесок тужениот го известува насловниот суд **дека во меѓувреме, после поднесената жалба по која претходно одлучуваше Апелациониот суд во Штип, се случија неколку битни околности, кои ќе бидат релевантни за Апелациониот суд при донесувањето на одлука во овој предмет, или поконкретно :**

I. Основачот и Управител на Второтужениот - Ристе Љуботенски, ме извести дека на 29.03.2021 година добил Решение од Централниот регистер на Република Македонија, со кое **се запишува престанок на второтужениот** - Трговско друштво за трговија, производство и услуги **ИМАКО ДОО увоз-извоз Штип**, ул. Михајло Апостолски бр.34-5 Штип, со ЕМБС 4805178 . Воедно, на 29.03.2021 година истиот извадил и Тековна состојба односно Состојба за избришан субјект од Централниот регистер на Република Македонија, од која се гледа дека второтужениот - Трговско друштво за трговија, производство и услуги ИМАКО ДОО увоз-извоз Штип, со ЕМБС 4805178 и ЕДБ 4029994108584 **е избришано од Трговскиот регистар** на ден **18.02.2016 година.**

ДОКАЗ: 1. Решение од Централниот регистер на Република Северна Македонија деловоден број 30120160005665 од 29.03.2021 год. (во оригинал);
2. Состојба за избришан субјект од Централниот регистер на Република Северна Македонија бр. 0805/155020210023703 од 29.03.2021 год. (во оригинал).

Со наведените докази несомнено се потврдува дека второтужениот **ИМАКО ДОО увоз-извоз Штип, престанал да постои** и против истиот не може да се води парничната постапка, па му предлагам на судот врз основа на одредбите од **чл. 200 ст.4** и чл.203 ст.2 в.в. чл. 74 од ЗПП, да ја запре постапката према второтужениот и **да донесе Решение со кое ќе ја отфрли тужбата према второтужениот** Трговско друштво за трговија, производство и услуги **ИМАКО ДОО увоз-извоз Штип** .

II. Наведените докази во целост ја доведуваат во прашање активната легитимација на тужителот према првотужениот Винарска визба **ИМАКО ВИНО ДООЕЛ Штип,** и по еден сосема нов основ.

Имено, во текот на целата постапка **првотужениот** укажува дека во оваа постапка ниту постои пасивна легитимација на страната на првотужениот како носител на обврската чие исполнување се бара, ниту пак тужителот е носител на побарувањето, односно активно легитимиран, да поднесува тужба против првотужениот бидејки никогаш не бил основач и сопственик на првотужениот, ниту пак извршил било какво вложување. НА ОВА НЕСПОРНО УКАЖУВА И РЕШЕНИЕТО ВПП БР. 15/13 НА ОСНОВНИОТ СУД ВО ШТИП, со кое судот го уважува барањето на тужителот да изврши увид во актите и целокупната финансиска документација на второтужениот ИМАКО ДОО увоз-извоз Штип, но истовремено, го одбива како неоснован предлогот на тужителот да му се овозможи пристап и увид во актите и целокупната финансиска документација на **првотужениот** Винарска визба ИМАКО ВИНО ДООЕЛ Штип, бидејки

тужителот нема статус на содружник на ова друштво. Напоменувам дека ова Решение ВПП бр. 15/13 е доставено како доказ од страна на тужените со Одговорот на тужба, со што неспорно се потврдува непостоењето на стварна легитимација од страна на тужителот и од аспект на материјалното право спрема првотужениот.

Меѓутоа, со оглед на тоа што тужителот се обидува да прикаже дека активната легитимација спрема првотужениот ја црпи-стекнува со тоа што бил содружник на второтужениот ИМАКО ДОО, кој пак, претходно бил содружник на првотужениот, од историјатот на друштвото може да се види дека во со закон предвидена постапка тужителот не покренал никаква постапка за поништување на одлуките на уписот во ЦРМ на Ристе Љуботенски како единствен содружник-сопственик на првотужениот, иако имал доволно време и можност за тоа, исто како што од 2016 година до сега никогаш не покренал постапка против Решението за бришење на друштвото ИМАКО ДОО во кое бил содружник.

Пасивната легитимација на првотужениот, тужителот неможе да ја црпи-стекнува ниту од Договорот за деловно-техничка соработка бидејќи истиот Договор не е склучен со првотужениот туку со физичко лице Ристе Љуботенски. Се разбира тужителот уште од самиот почеток тоа добро го знае, а такви постапки не покренува затоа што никогаш не ги исполнил ниту своите обврски кои произлегуваат од тој Договор.

Но, независно од спомenатите наводи кои се детално образложени во жалбата, со оглед на тоа што второтужениот **ИМАКО ДОО увоз-извоз Штип**, престанал да постои (видно од наведените докази), во оваа постапка, **по тој основ тужителот сега не може да истакнува никакви тужбени барања према првотужениот Винарска визба ИМАКО ВИНО ДООЕЛ Штип**.

III. Со оглед на тоа што тужителот без да достави било какви реални и веродостојни докази тврди дека имал **лични вложувања** во ДВЕТЕ друштва, односно кај провотужениот и второтужениот, сега, со оглед на тоа што постапката према второтужениот се прекинува, односно судот со решение треба да ја отфрли тужбата према второтужениот поради непостоење на второтужениот како странка во овој спор, второстепениот суд треба да ја утврдува фактичката состојба и врз основа на доставените докази (пред се вештачењата од вештото лице Д-р Јанка Димитрова и особено од Вештачењето – Вешт Наод и Мислење на Бирото за судски вештачења СВ I 32/15 од 09.07.2015 год., извршено по барање на ОЈО Штип под КО.бр.255/13 кое беше доставено до Апелациониот суд во Штип со Поднесок од 24.08.2015 година), да утврди дали навистина тужителот имал било какви лични (како физичко лице) вложувања во прво и второ тужениот, а доколку воопшто имал, колкави - во кои износи биле неговите вложувања кај првотужениот, а колкави - во кои износи кај второтужениот.

Ова особено што првостепениот суд својата пресуда **кон двете тужени друштва** ја темели на т.н. Извештај за констатирана состојба, на кој првостепениот суд незаконито му дава својство на вешт наод и мислење, што е недозволиво бидејќи е изготвен од не-лиценцирано лице (спротивно на чл. 236 од ЗПП), ниту пак ја има законски пропишаната форма согласно чл. 235 од ЗПП, ниту пак по својата содржина може да претставува веродостоен материјален доказ, бидејки е изготвен врз основ на селективно избрани документи кои даваат сосема невистинита слика за фактичката состојба .

Со оглед на досега изнесеното, му предлагам на Апелациониот суд Штип, согласно одредбите од чл. 351 ст.2 и 3 и чл. 352 од ЗПП, да закаже расправа на која ќе ги повика странките и нивните полномошници, по што ќе донесе мериторна одлука, со која ќе ја уважи жалбата и ќе ја преиначи Пресудата на Основен суд Штип П4-78/15 од 18.01.2016 година, на начин што ќе го одбие тужбеното барање на тужителот во целост како неосновано и ќе го задолжи да им ги надомести на тужените трошоците на постапката **или** согласно одредбите од чл. 359 ст.1, ст.2 и ст.3 од ЗПП предметот да го врати на првостепениот суд заради целосно и правилно утврдување на фактичката состојба.

Скопје,

06.04.2021 год.

За првотужениот,

Полномошник Адв. Гоце Цоневски

АДВОКАТ
ГОЦЕ ЦОНЕВСКИ
ул."Васил Главинов" бр.7Б-1/1
Тел. 02/3290-811 Скопје

**Деловоден број: 30120160005665**

ЦЕНТРАЛНИОТ РЕГИСТАР НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА, преку регистраторот Добре Наунов, постапувајќи по службена должност за упис. на бришење на Трговско друштво за трговија,производство и услуги ИМАКО ДОО увоз-извоз Штип врз основа на член 58 од Законот за едношалтерски систем и за водење на трговскиот регистар и регистарот на други правни лица (Сл. весник на РМ 84/05), го донесе следното:

# РЕШЕНИЕ

Во надлежниот регистар се запишува БРИШЕЊЕТО НА:

| | |
|---|---|
| **Назив:** | Трговско друштво за трговија,производство и услуги ИМАКО ДОО увоз-извоз Штип |
| **ЕМБС:** | **4805178** |
| **Датум на престанок:** | 01.02.2016 |
| **Причина за престанок:** | Согласно закон/член 552-б од ЗТД |
| **Основ за бришење:** | Неподнесена годишна сметка за 2013 година и/или незапишана адреса на електронско сандаче за прием на писмена согласно член 552-б од Законот за трговските друштва(Службен весник на Република Македонија бр.282004, 84/2005, 25/2007, 87/2008, 42/2010, 48/2010, 24/2011, 166/2012, 70/2013, 119/2013, 120/2013, 187/2013, 38/2014, 41/2014, 138/2014, 88/2015, 192/2015 и 6/2016). |

1. Жалбата не го одлага извршувањето на решението , согласно чл. 41 од Законот за едношалтерскиот систем и за водење на трговскиот регистар и регистар на други правни лица (Сл. весник на РМ 84/05).

2. Решено во Централен регистар на Република Македонија на ден 18.02.2016 година.

3. Упатство за правно средство:
Против ова решение може да се изјави жалба во рок од 8 дена од денот на приемот на решението до Комисијата за жалби преку Централниот Регистар на Република Македонија, Регионална регистрациона канцеларија $D$.

Овластено лице за регистрација:
Добре Наунов

Потпис и печат

Датум и време на прием
29.03.2021 12.30
Ристе Јорданоска